Бр. 19-921/2-1
13.10.2023 година
Скопје

Врз основа на член 42, став 1, алинеи 1 и 5, член 90, став 1, точка 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 23, став 1, алинја 4 и член 34 од Статутот на Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија бр. 19-1010/2 од 6.11.2018 година и бр. 19-1245/3 од 23.12.2021 година, Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК бр. 8/2023**

за избор на членови од Интеруниверзитетската конференција на Република Северна Македонија, во Националниот совет за високото образование и научно-истражувачката дејност:

- **1 (едно) лице од редот на професорите**, во работен однос на **Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип,** членка на Интеруниверзитетската конференција, за научноистражувачкото поле од прво ниво според меѓународната Фраскатиева класификација **техничко-технолошки науки**;

*Услови за избор:*

- да имаат објавено најмалку 10 научни труда во референтна научна публикација, освен професорите по стручно уметнички предмети;
- да не се избрани за ректор, проректор или претседател на сенат на универзитет, декан или продекан на факултет, односно директор на висока стручна школа, директор на научен институт кој изведува високообразовна дејност, член на Одборот за акредитација или член на Одборот за евалуација.

- **1 (едно) лице од редот на студентите**

*Услови за избор:*

- да е редовен студент на **Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје**, членка на Интеруниверзитетската конференција.

Кандидатите поднесуваат:

- пријава по огласот;
- кратка биографија (CV)
- пополнет образец за податоци (достапен на веб страницата на УКИМ http://www.ukim.edu.mk/ во „Документи“- ИКРСМ).

Изборот на кандидатите се врши на седница на Интеруниверзитетската конференција согласно со Законот за високото образование и Статутот на Интеруниверзитетската конференција.

Јавниот повик трае 5 дена, сметано од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат:

- по пошта или во архивата на Универзитетот „Св. Кири и Методиј“ во Скопје, бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје;
- електронски, на е-адреса: n.p.kostovska@ukim.edu.mk.

**Интеруниверзитетска конференција**

**на Република Северна Македонија**

ИНТЕРУНИВЕРЗИТЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ